бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# ДИРЕКТОРКАТА НА УЈП М-Р ЕЛЕНА ПЕТРОВА ПАНЕЛИСТ НА ДИГИТАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА 2025 НА АМЕРИКАНСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА

Директорката на Управата за јавни приходи, м-р Елена Петрова, на ден 11.12.2025 година зема учество на третата Дигитална конференција на Американската стопанска комора (АмЧам) насловена „Од визија до акција: Создавање системи што даваат резултати". Директорката беше во улога на говорник на првата панел дискусија, на тема: „Дигитална трансформација во системите за јавни приходи: е-фактурирање и фискализација во реално време ". Модератор на панелот беше г-ѓа Мери Кучера-Илиевска, претседателка на Комитетот за дигитална трансформација при АмЧам, а учесник во истиот панел беше и Norbert Tóth, директор на PwC Унгарија.

На почетокот на панел-дискусијата, директорката на Управата за јавни приходи, Елена Петрова, ги презентираше активностите и плановите за имплементација на проектот е-Фактура. Таа нагласи дека е-Фактура претставува една од најзначајните дигитални реформи за даночниот систем и бизнис заедницата. Истакна дека пилот фазата на е-Фактура е планирана да започне на 1 јануари 2026 година. Со оваа фаза ќе се обезбеди современо решение усогласено со меѓународни стандарди, кое ќе биде лесно за примена и интеграција во системите на компаниите. Реформата ќе овозможи подобро управување со јавните финансии, ќе ја зголеми даночната усогласеност, ќе придонесе за намалување на сивата економија и ќе обезбеди поефикасна даночна контрола.

„Целосно сме фокусирани на стартот на пилот имплементацијата од 1 јануари 2026 година. Тогаш ќе го објавиме комуникацискиот механизам кој треба да обезбеди автоматска и безбедна размена на податоците меѓу системите на компаниите и системот за е-Фактура. Ќе биде поставена техничката документација, врз основа на која компаниите ќе можат да почнат да ги приспособуваат своите софтвери, да ја спроведат техничката интеграција и да започнат со тестирање на испраќање и издавање фактури во контролирана тест околина. Оваа фаза ќе биде наменета за ИТ компании и тимови кои работат на развој и одржување на фактурирачки и слични системи, како и економски оператори кои имаат свои ИТ решенија. До крај на првиот квартал 2026 година ќе бидат објавени и клиентската и веб апликацијата кои ќе бидат наменети за помалите компании кои немаат сопствени фактурирачки системи, а до крајот на вториот квартал ќе биде поставен продукцискиот сервер. Планирано е до крај на третиот квартал да заврши тестирањето и да почне имплементацијата" - информира директорката Петрова.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Појаснувајќи ги функционалноста на проектот директорката рече дека е избран модел на централизиран државен систем со кој ќе комуницираат компаниите. „Комуникацијата и доаѓањето на податоците ќе биде во реално време бидејќи преку тој систем ќе се врши издавањето на фактурите. Овој модел е најблиску до ОЕЦД концептот – Даночна администрација 3.0., кој се однесува на висока интеграција на системите на даночната администрација со системите на компаниите и други страни и создавање на интероперабилен даночен систем. Карактеристично за овој модел е и тоа што со Министерството за финансии се договоривме во овој систем покрај фактурите да поминуваат и да се издаваат и пропратните документи како испратници, приемници, времени ситуации итн, со што системот ќе обезбеди целосна документиран деловен траг за еден деловен настан. Се прави со цел да се минимизира ризикот од злоупотреби и фиктивни фактури. УЈП работи на обезбедување стабилна инфраструктура, заштита на податоците, автентичност на фактурите и превенција од можни напади или блокирања на системот.“ рече директорката Елена Петрова.

На истиот панел зборуваше и Norbert Tóth, директор во PwC Унгарија, кој сподели искуства од имплементацијата на е-фактурирањето во повеќе европски земји. Тој посочи дека временските рамки за целосна имплементација зависат од големината на економијата, техничката подготвеност на компаниите и степенот на дигитална зрелост на институциите. Tóth истакна дека меѓународните практики покажуваат различни модели на е-фактурирање – од целосно централизирани државни системи до децентрализирани решенија со повеќе платформи и додаде дека секој модел носи свои предизвици и придобивки.

На конференцијата беше испратена и порака дека дигитализацијата не е само техничко прашање, туку инструмент за јакнење на владеењето на правото, стеснување на просторот за корупција и создавање поунифициран, транспарентни услуги за граѓаните и бизнисот.

Од Американската стопанска комора (АмЧам) порачаа дека напредокот зависи од партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор и вложување во дигитални вештини на сите нивоа – од институциите, преку компаниите, до граѓаните кои треба да се чувствуваат безбедно кога ги користат новите системи.

Со оваа реформа, Управата за јавни приходи ја потврдува својата посветеност кон дигиталната трансформација и создавање транспарентен, сигурен и ефикасен даночен систем кој ќе биде во интерес на компаниите и граѓаните.